**626.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) и член 74 точка 9) а во врска со член 104 став (1) точка 9) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на ден 28.1.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И/ИЛИ РЕОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на дополнителните финансиски извештаи на друштвата за осигурување и/или реосигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр.44/2012 и 61/2016), во Прилогот 1, Образецот “ВК: Извештај за вложувања кои не ги покриваат техничките / математичката резерва” се заменува со нов Образец “(ВК): Извештај за вложувања кои не ги покриваат техничките/ математичката резерва”, кој е даден во Прилог на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-119/4
28 јануари 2019 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

**ВК: Извештај за вложувања на средствата кои не ги покриваат техничките/математичката резерва**

| Опис на позицијата | Број на позиција | Износ | % од капитал и резерви (позиција 028) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **А. ВКУПНИ ВЛОЖУВАЊА НА СРЕДСТВАТА КОИ НЕ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ/МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА** | **001** | **0** | **0,0%** |
| **I. ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ (кои служат за вршење на дејност и кои не служат за вршење на дејност)** | **002** | | **0,0%** |
| **II. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ, ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ** | **003** | **0** | **0,0%** |
| II.1. Акции, удели и останати сопственички инструменти во друштва во група - подружници | 004 | | 0,0% |
| II.2. Должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група - подружници и заеми на друштва во група - подружници | 005 | | 0,0% |
| II.3. Акции, удели и останати сопственички инструменти во придружени друштва | 006 | | 0,0% |
| II. 4. Должнички хартии од вредност кои ги издале придружени друштва и заеми на придружени друштва | 007 | | 0,0% |
| II.5. Останати финансиски вложувања во друштва во група - подружници | 008 | | 0,0% |
| II.6. Останати финансиски вложувања во придружени друштва | 009 | | 0,0% |
| II.7. Вложувања во заеднички контролирани ентитети | 010 | | 0,0% |
| **III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА** | **011** | **0** | **0,0%** |
| III.1. Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување | 012 | | 0,0% |
| III.2. Финансиски вложувања расположливи за продажба | 013 | 0 | 0,0% |
| 1. Должнички хартии од вредност | 014 | | 0,0% |
| 2. Акции, удели и останати сопственички инструменти | 015 | | 0,0% |
| 3. Акции и удели во инвестициски фондови | 016 | | 0,0% |
| III.3. Финансиски вложувања за тргување | 017 | 0 | 0,0% |
| 1. Должнички хартии од вредност | 018 | | 0,0% |
| 2. Акции, удели и останати сопственички инструменти | 019 | | 0,0% |
| 3. Акции и удели во инвестициски фондови | 020 | | 0,0% |
| III.4. Депозити, заеми и останати пласмани | 021 | 0 | 0,0% |
| 1. Дадени депозити | 022 | | 0,0% |
| 2. Заеми обезбедени со хипотека | 023 | | 0,0% |
| 3.Останати заеми | 024 | | 0,0% |
| 4. Останати пласмани | 025 | | 0,0% |
| III.5. Деривативни финансиски инструменти | 026 | | 0,0% |
| **IV. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ)** | **027** | | **0,0%** |
| **Б. КАПИТАЛ (позиција V од образецот КС: Пресметка на капитал[1])** | **028** | | **0,0%** |

[1] Правилник за видовите и описот на ставки што ќе се земат во предвид при пресметка на капиталот на друштвото за осигурување и/или реосигурување